GOLDEN ART PREMIUM QUALITY 18

Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз-извоз
Бр. 03-561/1
22.05 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 125 и 126 од Законот за игрите на среќа и забавните игри ( Службен весник на РМ број 24/11....178/16, 251/22), Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Руди Чајавец бр. 7-2/д.п.3 населба Аеродром-Скопје, со ЕМБС 6025889 и ЕДБ 4030005561397, како приредувач на наградна игра ги донесува следните:

# ПРАВИЛА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА НАГРАДНА ИГРА
# ,,КУПИ ДОМ-ОСВОЈ СТАН,,

## Член 1
## ПРИРЕДУВАЧОТ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Приредувач на наградната игра ,,КУПИ ДОМ-ОСВОЈ СТАН,, (во понатамошниот текст Наградна игра) е Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Руди Чајавец бр. 7-2/д.п.3 населба Аеродром-Скопје, со ЕМБС 6025889 и ЕДБ 4030005561397 ( во понатамошниот текст Приредувач).

## Член 2
## ЦЕЛ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Наградната игра се приредува по повод 18 години постоење на ГОЛДЕН АРТ а со цел да се награди довербата која купувачите му ја даваат на Друштвото со одлуката за купување на недвижен имот (стан/деловен простор) кај приредувачот.

## Член 3
## ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Официјалното име на наградната игра е ,,КУПИ ДОМ- ОСВОЈ СТАН,,.
Наградната игра ќе започне на ден 24.06.2023 година и ќе трае до 23.06.2024 година.

## Член 4
## ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

Право на учество во наградната игра имаат сите физички лица постари од 18 години кои ќе купат недвижен имот (стан/деловен простор) во Друштвото приредувач на наградната игра, во период од 24.06.2023 година до 23.06.2024 година, кои до крајниот датум на наградната игра ќе ја исполнат обврската за плаќање на купопродажната цена во целост и кои ги прифаќаат условите на овие Правила.

Во наградната игра ,,КУПИ ДОМ- ОСВОЈ СТАН,, немаат право да учествуваат вработените кај приредувачот како и членовите на нивното потесно семејство.

Член 5

ТЕРИТОРИЈА НА КОЈА СЕ ПРИРЕДУВА НАГРАДНАТА ИГРА

Наградната игра се организира за сите физички лица постари од 18 години кои ќе купат недвижен имот (стан/деловен простор) кај приредувачот во означениот период и кои ги исполнуваат условите за учество во наградната игра предвидени со овие правила.
Наградната игра се приредува и важи за купувачи од целата територија на Република Северна Македонија.

Член 6

ПОДАТОЦИ ЗА НАГРАДАТА

Наградата во оваа наградната игра е стан во станбено - деловен објект кој што е во изградба во Скопје на ул. Скупи во Општина Карпош, КП 939/2 КО Злокуќани, во УП вон нас.мес:/ за Гратска Четврт СС3 02 Блок 06 Општина Карпош, ГП 6.12, **евидентиран во лист за предбележување на градба бр. 6908 за КО Злокуќани** и тоа:

- Стан бр.8, влез 2, кат 1, со површина од 39 м2,

| Бр | Награда | Количина | Единечна вредост во денари со вклучен ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Стан во изградба | 1 | 3.118.050 ден |

Наградата е ограничена на еден стан и нема да бидат доделени повеќе награди од тоа што е тука определено.
Вкупниот награден фонд изнесува **3.118.050 ден** денари со вклучен ДДВ.

Член 7

УСЛОВИ И НАЧИН ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

Право на учество во наградната игра имаат сите физички лица постари од 18 години кои ќе купат недвижен имот (стан/деловен простор) во Друштвото во периодот од 24.06.2023 година до 23.06.2024 година, односно ќе склучат Преддоговор за купопродажба на недвижен имот и кои во целост ќе ја исполнат обврската за плаќање на купопродажната цена заклучно до 23.06.2024 година.

Со потпишување на преддоговорот за купопродажба на недвижен имот и исполнување на обврската за исплатена купопродажна цена физичкото лице ќе добие посебна картичка-купон од приредувачот на наградната игра.
На едната страна од купонот ќе биде впишан посебен број (ПР број), а од другата страна името и презимето на купувачот и телефонски број за контакт.
Купонот ќе биде печатиран од страна на приредувачот на наградната игра по што учесникот ќе го стави во плико, ќе го залепи и ќе го вметне во посебно означена кутија (запечатена, заштитена) која ќе се наоѓа во просториите на приредувачот на наградната игра- со што добива статус на учесник во наградната игра.

## Член 8
## НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ И ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО НАГРАДНАТА ИГРА СО ПРАВИЛАТА НА ИГРАТА

Пред почетокот на наградната игра а по добивање на согласност од Министерството за финансии, учесниците во наградната игра ќе бидат известени и запознаени за начинот и условите за учество во наградната игра како и за времетраењето на истата преку објавување на правилата на веб сајтот на приредувачот на наградната игра www.goldenart.mk/kupi **dom-osvoj stan.**
Исто така и следните средства ќе бидат користени за известување на Наградната игра:
1.Рекламен материјал во просториите на приредувачот на наградната игра;
2. Социјални медиуми;
3. Рекламни банери-преку online медиуми;
4. ПР Соопштенија;
5. Телевизија, радио, билборди.

## Член 9
## МЕСТО, ВРЕМЕ, НАЧИН, ПОСТАПКА И КОНТРОЛА НА ИЗВЛЕКУВАЊЕТО НА НАГРАДАТА

Извлекувањето на добитникот на наградната игра ќе биде извршено во просториите на приредувачот на наградната игра на ул. Руди Чајавец бр. 7-2/д.п.3 населба Аеродром-Скопје, на ден 26.06.2024 година, со почеток во 12:00 часот.
Извлекувањето ќе се пренесува во живо на fb страната на приредувачот Golden Art.
Сите учесници во наградната игра кои ги исполнуваат условите за учество во наградната игра согласно овие Правила имаат еднаква шанса за добивање на наградата.
Извлекување на добитникот на наградата ќе биде извршено на следниот начин:
Кутијата која ќе се наоѓа во просториите на приредувачот на наградната игра со вметнатите пликоа од сите учесници во наградната игра ќе биде отворена од страна на Модераторот на наградната игра.
По отварањето на кутијата, Модераторот по случаен избор од сите пликоа кои ќе бидат во означената кутија, рачно ќе извлече едно плико. За целосна транспарентност на

наградната игра, пликото кое ќе биде извлечено од страна на Модераторот, во истиот момент ќе биде отворено и ќе биде јавно соопштен ПР бројот од купонот, кој е добитник на наградата од наградната игра, и во истиот момент добитникот ќе биде телефонски контактиран за да му се соопшти дека е добитник на наградата од оваа наградна игра.

Текот и исправноста на текот на извлекувањето ќе го надгледува и контролира комисија во следниот состав:

- Наташа Пирковиќ Каровска- правен сектор;
- Радица Ѓоргиевска Перковски- правен сектор;
- Александра Димитриевска- сектор финансии;

За текот на извлекувањето ќе се води записник кој го потпишуваат сите членови на комисијата.

## Член 10
## ИЗВЕСТУВАЊЕ И ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА

Името на добитникот ќе биде објавено на веб сајтот на приредувачот на наградната игра www.goldenart.mk, и во најмалку еден дневен весник достапен на територијата на која се приредува наградната игра или на друг начин да го направи достапно за учесниците во наградната игра, во рок од 3 дена од денот на извлекувањето на наградата.

Дополнително добитникот ќе биде известен од страна на приредувачот на наградната игра и писмено во рок од 3 дена од денот на извлекувањето на наградата.

Остварувањето на наградата од оваа наградна игра ќе биде на начин што приредувачот на наградната игра и добитникот на наградата ќе склучат Преддоговор/Договор за станот кој е предмет на оваа наградна игра, во рок од 60 дена сметано од денот на објавување на добитникот на наградата. Склучениот Преддоговор/Договор ќе биде предмет на заверка кај Надлежен Нотар по што истиот ке се предбележи во Агенција за катастар на недвижности на РСМ.

Со превземање на наградата престануваат сите обврски на приредувачот на наградната игра спрема добитникот.

Наградата не може да биде заменета.

Наградата се однесува на добитникот и не може да се пренесе на друго лице.

Добитникот не може да ја замени наградата за паричен износ еднаков на вредноста, ниту пак за било кој друг предмет.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

Член 11
ПРАВО НА ПРИГОВОР

Незадоволниот учесник во Наградната игра има право во рок од 5(пет) дена од денот на објавување на добитникот да поднесе приговор во писмена форма до Приредувачот на наградната игра.
Приредувачот е должен во рок од 5(пет) дена од приемот писмено да одговори на добиениот приговор.

Член 12
ОДГОВОРНОСТ

Потенцијалните учесници во наградната игра разбираат и се согласуваат да учествува во наградната игра на свој сопствен ризик.
Приредувачот не одговара за евентуалните штети причинети во текот или во врска со учеството во наградната игра.
Приредувачот не одговара во случај кога добиената награда не може да биде дадена или искористена поради неможност потенцијалниот добитник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови или поради други технички или правни пречки поврзани со конкретниот добитник и поради околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.

Член 13
КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Со учество во наградната игра, добитникот на наградната игра дава согласност неговите лични податоци да можат да се обработуваат и да се користат за маркетинг цели (директен маркетинг).
Добитникот на наградната игра може да даде согласност да биде фотографиран и снимен а неговите фотографии и снимен материјал да се обработуваат за целите на наградната игра и истите да се објавуваат на медиуми (пишани, електронски, телевизија и др).
Добитникот има право во секое време да се обрати до приредувачот на наградната игра и да ја повлече согласноста за обработка на неговите податоци за цели на директен маркетинг, во тој случај неговите лични податоци ќе се исклучат од понатамошно користење во такви цели.
Приредувачот нема да ги употребува личните податоци и информации за никаква друга цел освен за потребите на наградната игра. Личните податоци ќе бидат споделени со трета страна чие што учество во наградната игра е неизбежно, кои се обврзуваат да ги чуваат и обработуваат овие податоци согласно закон.

Член 14

ПРЕКИН НА НАГРАДНАТА ИГРА

Наградната игра може да престане само во случај да настапат околности за кои приредувачот на наградната игра не е одговорен, односно ако постојат околности кои

приредувачот не можел да ги спречи, отстрани или избегне, согласно Законот за игри на среќа и забавни игри и по согласност и известување од страна на Министерство за финансии.

Учесниците во играта ќе бидат известени за престанувањето на наградната игра преку дневниот печат.

ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

Член 15

Согласно одредбите од член 11 став 2 и член 67 од Законот за личен доход ( Службен весник на РМ број 241/18....85/21) за поединечна добивка чија вредност надминува 5.000 денари, приредувачот пресметува и плаќа данок на доход за добивки од игри на среќа по одбивка, по стапка од 17.6471% (пресметана стапка од 15%), при што даночна основа претставува пазарната вредност на предметите во моментот на остварување на добивката.

Приредувачот му издава на добитникот на наградата документ како доказ за платениот данок на личен доход.

Со плаќање на данокот на доход за добивки од игри на среќа и преземањето на наградите, престануваат натамошните обврски на приредувачот на наградната игра спрема добитникот.

Член 16

Приредувачот плаќа надоместок по стапка од 18% од вкупната вредност на фондот на наградите, во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата за приредување на наградната игра „ **КУПИ ДОМ-ОСВОЈ СТАН**„ на посебна уплатна сметка согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри (Службен весник на РМ број 24/11.....178/16, 251/22) и Правилникот за начинот на плаќање на посебната давачка (Службен весник на РМ број 16/02).

Член 17

Учесниците во наградната игра ги прифаќаат правата и обврските кои произлегуваат од овие Правила на игра. Правилата на наградната игра ги пропишува приредувачот на наградната игра и истите ќе се применуваат по добиена согласност од Министерство за финансии на РСМ.

Правилата на наградната игра ќе бидат објавени во дневниот печат.

Член 18

РЕШАВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИ СПОРОВИ ЗА НАГРАДНАТА ИГРА

За решавање на евентуално настанатите спорови помеѓу Приредувачот на наградната игра и учесниците во Наградната игра надлежен ќе биде Основен Граѓански суд Скопје.

Скопје, 22.05.2023 година

Приредувач на наградна игра
ГОЛДЕН АРТ ДОО Скопје

ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз-извоз Скопје
Друштво за ..., производство, трговија и услуги

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV